Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-293
27.09.2022 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за финансии, буџет /
Сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ја долгодишната практика, потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве известува дека на ден **14.10.2022 година, со почеток во 9.30 часот, во хотел „Континентал“ – Скопје**, ќе се одржи работилница на тема:

**„ПРОЦЕС НА БУЏЕТИРАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА - МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ“**

**Работилницата** претставува одлична можност заедно со обезбедените квалитетни експерти-практичари: проф. д-р Борче Треновски и дипл.екон. Бранислав Гулев за размена на знаења, долгогодишни искуства, добри практики, информации и насоки за правилно, навремено и точно подготвување и усвојување на буџетите во јавниот сектор, како основа за обезбедување стабилно работење во текот на претстојната 2023 година. Во текот на работилницата ќе бидат разработени следните теми и области:
- Состојба во општинските финансии и предизвици во процесот на буџетирање,
- Ефикасно управување со локалните финансии и прибирање на сопствените приходи,
- Актуелни теми при подготовката на општинските буџети,
- Признавање на приходите,
- Измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,
- Нов Закон за буџети,
- Исплата на надоместоци,
- Отпис на ненаплатени побарувања и навремено и целосно евидентирање на обврски

Покрај овие теми, на работилницата ќе се разработуваат голем спектар на актуелни теми од областа на процесот на буџетирање и финансискиот менаџмент во јавниот сектор.

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавни комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни. На работилницата се добредојдени сите кои директно или индиректно се инволвирани во јавните набавки.

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали, кафе пауза и сендвич по учесник изнесува само **4.900 денари со ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или наведените e-mail адреси.

Во очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата, Ви посакуваме добро здравје.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски